**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
Бр. 11-356/3
20.06.2022 год.
Гевгелија

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена планска програма**

Се одобрува Планска програма за изработка на Изменување и дополнување на дел од Блок 5 од УПС за село Богородица, КО Богородица, општина Гевгелија со тех.бр.03-26 од 18.04.2022год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Васил Јанкулов од Гевгелија преку полномошник ДПГИ ,,ВЕКТОР 90,, Томе дооел Струмица поднесе барање за одобрување на Планска програма со технички број 03-26 од 18.04.2022год., изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90,, Томе дооел Струмица, за изработка на Изменување и дополнување на дел од Блок 5 од УПС за село Богородица, КО Богородица, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 03-26 од 18.04.2022год., изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90,, Томе дооел Струмица.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-356/2 од 16.06.2022година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20).

Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2022.06.20 13:27:19 +02'00'